**БАРАЊЕ 23-6707**

Дали во годишните планови за вработување во периодот од 2002 заклучно со 2024 г. било предвидено вработување на лица од влашката заедница согласно балансерот.

**ОДГОВОР 23-6707**

Согласно Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19, 14/20), и Методологија за планирање на вработувањата во јавниот сектор, како и формата и содржината на образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување ,(„Службен весник на Република Македонија“ број 63/16), како основ за распределба на бројот на планираните нови вработувања по припадност на заедница се земаат податоци од последниот попис на население на Република Северна Македонија за територијата на цела Република Северна Македонија, односно при пополнување на online формуларот од балансерот за вкупно нови вработувања, калкулаторот од истиот сам пресметува број на вработени по етнички заедници.

Во периодот од 2016 г. заклучно со 2024 г., не се предвидени вработувања на лица од влашката заедница согласно балансерот.

Од 2002 г. до 2016 г. Јавните Огласи за вработување на Општина Кавадарци беа објавени без наведување на етничка припадност за работни места, односно лица од различна етничка припадност имаат право за пријавување согласно условите во самиот оглас.